РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2497/1
23-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36 -та седница одржана на 20.07.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-3079/1 од 24.11.2025 година, оформен по доставена пријава против правното лице ---------- --------- ------------, со наводи за сомневање за неправилности при вршење на дејноста за погребални услуги на територијата на Општина ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапил друг надлежен орган, Државен пазарен инспекторат на РСМ кој презел мерки во своја надлежност.

Предметот со број 12-3079/1 од 24.11.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 24.11.2025 година, доставена е пријава против правното лице ---------- ---------- -----------, со наводи за сомневање за неправилности при вршење на дејноста за погребални услуги на територијата на Општина ------------, и оформен е предмет број 12-3079/1 од 24.11.2025 година. Наведено е дека предметното погребално претпријатие својата дејност ја обавува спротивно на законските прописи без издавање на потврда односно сметка за наплатените парични средства од извршените погребални услуги, а надлежните институции не постапуваат по претставки од граѓаните.

Заради утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара од Државен пазарен инспекторат на РСМ да изврши вонреден инспекциски надзор над предметното претпријатие по однос наводите од пријавата и за исходот да се извести Државната комисија со достава на

прилог документација. Во законски утврдениот рок доставени се бараните информации и по разгледување на истите утврдена е следната фактичка состојба:
Државниот пазарен инспекторат на РСМ, известува дека во врска со предметниот случај, има постапено при што на ден 16.12.2025 година бил извршен вонреден инспекциски надзор над правното лице ----------- ---------- -----------. При надлежното постапување за случајот, од страна на овластен инспектор за утврдените неправилности во работењето на субјектот на надзор и прекршувања на закон бил изготвен Записник број 32-148 од 16.12.2025 година по што согласно член 55 став 1 точка 2 биле преземени соодветни инспекциски мерки. Утврдено е дека правното лице нема потврда од Централен регистар на РСМ за пријавено работно време согласно членот 25 од Законот за трговија, како и Евиденцијата во трговија не се наоѓа во деловните простории што е спротивно на член 28 став 2 од истиот закон. Државниот пазарен инспекторат известува дека за наводите од претставката за кои нема надлежност ќе ги достави до УЈП ----------- и комунален инспектор во Општина -----------.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметниот случај е постапено од страна на друг надлежен орган, Државен пазарен инспекторат на РСМ, кој презел мерки во своја надлежност, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал Ј.Ц, раководител на Одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на Сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Доставено до:
-Подносителот на пријавата